**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИПИС ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА**

**-РЕЈТИНГ НА ПАРТИИ-**

19.06.2019 година

Почитувани,

**Институтот за Политички Истражувања од Скопје (ИПИС)** спроведе едно кратко истражување во периодот помеѓу 14 и 16 Јуни 2019 **на 1119 полнолетни испитаници** на ниво на Република Македонија. Во истражувањето граѓаните ги изразуваа своите ставови околу нивната поддршка на политичките партии.

Целта на истражувањето беше да се анализира ефектот од резултатите од претседателските избори врз поддршката на политичките партии.

Заради запазување на релевантноста на истражувањето, беше креиран непристрасен и објективен прашалник врз база на кој подоцна беше спроведена анкетата. Истражувањето беше реализирано со користење на случаен примерок кој беше стратификуван за да се запази репрезентативноста на населението во Република Македонија. Во него беа запазени демографските специфики на населението како полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност, со соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење и регионалната застапеност, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности. Во прилог се резултатите од истражувањето во однос на рејтингот на политичките партии.

**Доколку следната недела се одржат нови парламентарни избори за која партија би гласале?**

| | % |
|---|---|
| Ниедна | 22 |
| Не сака да каже | 18 |
| Не знам | 10.2 |
| СДСМ | 19.5 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 21.2 |
| ДУИ | 4.6 |
| Алтернатива | 0.4 |
| БЕСА | 1 |
| АА | 2.9 |
| Друга | 0.2 |
| Вкупно | 100 |

*Табела 1*




*Графикон 1*

| Доколку следната недела се одржат нови парламентарни избори за која партија би гласале?<br>(Испитаници Македонци) | % |
|---|---|
| Ниедна | 17.4 |
| Не сака да каже | 20.9 |
| Не знам | 10.9 |
| СДСМ | 22.6 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 27.8 |
| ДУИ | 0.2 |
| Алтернатива | 0 |
| БЕСА | 0 |
| АА | 0 |
| Друга | 0.2 |
| Вкупно | 100 |

*Табела 2*

| Доколку следната недела се одржат нови парламентарни избори за која партија би гласале?<br>(Испитаници Албанци) | % |
|---|---|
| Ниедна | 32.5 |
| Не сака да каже | 11.4 |
| Не знам | 7.5 |
| СДСМ | 9.8 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 0.8 |
| ДУИ | 19.2 |
| Алтернатива | 2.0 |
| БЕСА | 4.3 |
| АА | 12.5 |
| Друга | 0 |
| Вкупно | 100 |

*Табела 3*

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски

Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)

тел. +389 70 269 828

www.ipis.org.mk